KNOWLEDGE – International Journal
Vol. 22.2
Vrnjacka Banja, Serbia, March, 2018

THE ROLE OF THE STATE IN GLOBAL ECONOMY

Jovica Palashevski
Republic of Macedonia jovicapalas@yahoo.com

Abstract: About 40 years ago, eminent economist Charles Kindleberger directly stressed the fact that the nation-state is only an economic unit. Although technological advances in transport and communication, as well as the increased role of transnational companies, seem to bridle economic power beyond the control of national states, this is a totally wrong interpretation of things. Starting from numerous examples, the view should be that the state is the main player in the global economy. Some smaller states, or less influential, may experience a decline in power, but on the contrary, others such as the United States face increasing geopolitical and geo-economics power. Hence, the state remains the most important force in shaping the world economy. Each government intervenes more or less in the operations of the market. In this section I would separate Porter's conclusion: "... although it may seem that global competition makes the nation less important, but on the contrary it makes it more important." In fact, some more powerful states can use globalization to increase their power. States actively construct globalization and use it as soft geopolitics to gain more power. For example, the US and the G7 design and establish international trade agreements, organizations and legislation that support cross-border investment, productive networks, and market penetration, constituted by the modern global economy. The advanced capitalist countries use these political instruments to shape decision-making and policies in their favor. In this paper we will explore the role of the national state in the contemporary global economy. In this direction we will focus on two main segments:
• the state as a set of special institutions, cultures and practices;
• the state as a regulator of economic activities and transactions;
Keywords: state role, TNC's, investments, globalization

УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

Јовица Палашевски
Република Македонија **jovicapalas@yahoo.com**

Резиме: Пред околу 40 години, еминентниот економист Чарлс Киндлебергер (Charles Kindleberger) директно го потенцираше фактот дека националната држава е само економска единица. Иако изгледа дека технолошкиот напредок во транспортот и комуникацијата, како и зголемената улога на транснационалните компании ја премости економска моќ надвор од контролата на националните држави, сепак ова претставува тотално погрешно толкување на работите. Поаѓајќи од бројни примери, погледот треба да биде дека државата е главен играч во глобалната економија.Некои помали држави, или помалку влијателни, можеби доживуваат намалување на моќта, но напротив други како што се САД се соочуваат со зголемување на геополитичката и геоекономската моќ Оттаму, државата останува најважна сила во обликувањето на светската економија. Секоја влада интервенира повеќе или помалку во операциите на пазарот. Во овој дел би ја издвоил констатацијата на Портер: „...иако можеби изгледа дека глобалната конкуренција ја прави нацијата помалку важна, но напротив ја прави повеќе важна". Всушност, некои помоќни држави можат да ја искористат глобализацијата за зголемување на својата моќ. Државите активно ја конструираат глобализацијата и ја користат како мека геополитика заради добивање поголема моќ. На пример, САД и Г7 дизајнираат и етаблираат меѓународни трговски договори, организации и законодавство што ги поддржува прекуграничните инвестиции, производни мрежи, како и пенетрацијата на пазарот конституирана од модерната глобална економија. Напредните капиталистички земји ги користат овие политички инструменти за да го обликуваат донесувањето на одлуки и политики во нивна корист. Во овој труд ќе ја истражуваме улогата на националната држава во современата глобална економија. Во таа насока ќе се фокусираме на два главни сегменти:
- државата како збир на посебни институции, култури и практики;
- државата како регулатор на економски активности и трансакции.
Клучни зборови: улогата на државата, ТНК, инвестиции, глобална економија

1. ВОВЕД

Во ова истражување обработени се неколку карактеристични фунции на државата кои особено влијаат на глобализацијата и на економските активности. Дадена е слика за општествените уредувања, функционирање на посебните државни институции и практики, како и претставување на државата како регулатор на економските активности и трансакции.

2. ВИДОВИ КАПИТАЛИЗАМ

Сите економски активности се вградени во широки цивилизациски структури и практики . Сепак, „културата“ е доста тежок концепт за дефинирање. Националната држава е еден примарен збир на различни култури и практики кои на карактеристичен начин ги прават работите . Од економска гледна точка, постојат неколку анализи за тоа како културата варира помеѓу различни земји. Класичната студија, која сèуште е актуелна и позната како студијата на Хофстеде (Hofstede) е спроведена на над 100.000 вработени од страна на ИБМ во 50 различни земји . Голема предност на оваа студија е тоа што фокусирајќи се на контролираната популација во организациската средина, тој успеа да ја издвои националноста како варијабла. Хофстеде идентификува четири различни културни димензии:

- Индивидуалност во споредба со колективизам. Општествата варираат меѓу оние во кои луѓето во глобала се мотивирани за своите индивидуални интереси, каде што врските меѓу индивидуите се многу мали, и оние во кои врските се доста блиски и колективни (фамилии, заедници итн.) што е многу важно да се има предвид.
- Големи или мали дистанци во распоредување на моќта. Однесувањето на општествата варира во правец на тоа како се соочуваат со нееднаквоста помеѓу луѓето во однос на моќта и богатството. Ова се рефлектира до степен колку властите се централизирани и до степен на автократско лидерство во општеството.
- Избегнување на силни или слаби неизвесности. Во некои општества, неизвесноста за иднината е широко прифатена, кај нас познато како „купи ден -продај“ што претставува слабо ниво на избегнување на неизвесноста. Други општества се водени од јака сила за да се „победи иднината“, односно институциите се стремат да креираат сигурност и да го избегнат ризикот што претставува силно ниво на избегнување на неизвесноста.
- Машки во споредба со женски. Општествата може да се класифицираат и според тоа колку е остро определена разликата помеѓу мажите и жените. Општества што го стават акцентот врз традиционалната, машка страна, алоцираат повеќе доминантни правила за мажите. Тие се разликуваат од општествата каде што разликите помеѓу родовите се мали, односно се помалку забележителни.

Низ времето, преку различни историски случувања, општествата имаат развиено различни начини за организирање на своите економии, иако се носат со универзална идеологија на капитализам. Всушност, капитализмот има многу варијации, но значајни се три :

- неолиберален пазарен капитализам – практикуван од страна на САД и во помала мера В. Британија;
- социопазарен капитализам – практикуван од Германија, скандинавските земји и други европски држави;
- развоен капитализам – практикуван од Јапонија, Јужна Кореја, Сингапур и повеќето источноазиски земји.

Табела бр. 1: Карактеристики на трите видови капитализам

Карактеристики	САД	Германија	Јапонија
	Неолиберален	Социопазарен	Развоен
Доминантна идеологија	Либерализам	Друштвено партнерство	технонационализам
Политички институции	Либерална демократија, поделена власт	Социјална демократија, слаба бирократија, корпоративно право	Развојна демократија, силна бирократија, реципроцитет помеѓу фирмата и државата
Економски институции	Децентрализирани, отворен пазар, флуиден капитален пазар	Организиран пазар, посветен и банкарски централизиран пазар	Цврсти бизнис врски, затвореност, картели во *сансет* индустријата

Извор: базирано на Doremus, P.N.(1998), The myth of the Global Corporations, Prinston University Press, Prinston, NJ

Всушност, кај овие модели на управување, различен е концептот на правила на владите во регулирање на економијата.

Во неолибералниот пазарен капитализам, пазарниот механизам се користи за регулирање на сите или скоро сите аспекти на економијата. Индивидуализмот е доминантна карактеристика. Исто така, краткорочните цели на бизнисот се доминантни и државата не се вклучува во стратешкото планирање на економијата. Главната филозофија е максималниот профит од инвестираниот капитал.

Во социопазарниот капитализам, главниот акцент е ставен на соработката меѓу различни актери во економијата со широка идентификација на акционери покрај тие што го поседуваат капиталот.

Додека во развојниот капитализам, државата игра централна улога (но не на начин на јавна сопственост на производната вредност). Државата поставува битни социјални и економски цели со експлицитна индустриска стратегија.

Покрај овие три главни модели на капитализам може да се додаде и четврт, односно комунистичко-капиталистички систем кој го практикува Кина. Во овој модел имаме високоцентрализиран политички систем кој е комбиниран со брзорастечки отворен капиталистички пазарен систем.

И покрај тоа, промените се случуваат во сите социјални системи, доколку не се комплетно изолирани од надворешниот свет, како некои форми на капитализам што се стремат да се задржат низ времето .

3. ДРЖАВАТА КАКО РЕГУЛАТОР НА ТРГОВИЈАТА, СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ И ИНДУСТРИЈАТА

Важно е да се истакне дека државите продолжуваат да играат улога како збир на различни структури и навики поради фактот дека ние не живееме во хомоген свет. Во овој дел би се фокусирале некои од начините како државата ја регулира економијата, односно како интервенира за да изврши контрола во рамките на своите граници. Институциите на државниот апарат не се единствено инволвирани во регулирање на економијата и општеството, туку и во начините како се структурирани и територијално организирани . И покрај тоа, може да биде инволвиран висок степен на непредвидливост порадитоа што две држави не се однесуваат исто, некои ограничувања во основните политики може да се забележат. Ова може да се рефлектира на културните разлики, социјалната и политичка структура, институциите и навиките што ги вградила државата. Прецизниот микс на политика усвоена од државата влијае на :

- нивната политичка и културна комплексност и зајакнување на институциите и интересот на групите;
- големината на националната економија, особено таа на домашниот пазар;
- релативна позиција на нацијата во светската економија, вклучувајќи го степенот на економски развој и степенот на индустрискиот развој.

Макроекономската политика се имплементира од страна на владите со цел да ја контролираат домашната побарувачка или да управуваат со резервите на пари кои имаат екстремно важни импликации за дистрибуцијата и редистрибуцијата на економски активности. Од страна на државата се користат два основни типа макроекономска политика за менаџирање на националната економија :

- Фискална политика. Да се покачат или да се намалат даноците на компаниите и/или граѓаните и да се определи соодветен степен и корисници на владините трошоци. Покачувањето на даноци ја намалува домашната побарувачка, додека намалувањето на даноци ја зголемува побарувачката. Меѓутоа, јапонското искуство за време на деведесеттите покажа дека автоматскиот одговор на промените во фискалната политика не се случува секогаш. Слично е и со покачувањето и намалувањето на јавните трошоци или целењето на специфични видови трошоци, што може да влијаат врз степенот на економската активност во економијата.
- Монетарна политика. Се стреми да влијае врз залихите на пари во земјата и нивно забрзано или успорено движење. Главниот механизам што се користи е каматната стапка на парите што се позајмуваат. Намалените каматни стапки би требало да стимулираат економски активности преку зголемено инвестирање или приватно трошење, додека зголемувањето на каматните стапки го предизвикува обратното. Меѓутоа, и во овој случај, автоматското приспособување не се случува секогаш. Во меѓународен контекст, курсните разлики на валутите треба да се имаат предвид затоа што тие влијаат врз трошоците на извоз и увоз.

Владите, генерално, овозможуваат или обезбедуваат услови за производство кои не можат да се создадат преку правилата на пазарот . Еден од условите е физичката инфраструктура на националните економии (патишта, пруги, аеродроми, пристаништа, телекомуникациски системи), без која не може да функционира приватниот сектор, без разлика дали се работи за домашни или странски компании. Исто така, државите овозможуваат и „човечка инфраструктура“, односно образована работна сила, како и правила и регулации

кои фирмите мора да ги почитуваат во работењето. Помеѓу овие два модела на владина вклученост во работењето на економијата, од една страна макроекономската политика и од друга страна инфраструктурата, се определува степенот на влијание, односно составот и дистрибуцијата на производството и трговијата.
Националните влади поседуваат екстензивни алатки за регулација со чијашто помош ја контролираат и стимулираат економската активност и инвестициите во рамките на своите граници и го оформуваат составот и оптекот на трговија и инвестиции во меѓународни рамки.

3.1 ТРГОВСКИ ПОЛИТИКИ

Од сите мерки што се користат од страна на државата за да се регулира меѓународната економска позиција, трговските политики имаат најголема историја. Обликувањето на светската економија во седумнаесеттиот и осумнаесеттиот век, беше главно под влијание на меркантилистичките политики на водечките европски земји. Трговските политики се уникатни и во тоа што дури во доцните четириесетти години на минатиот век се ставени во меѓународна институционална рамка.
Општо познато е дека политиките кон извозот се стимулативни, со исклучок на еден до два случаи, за разлика од политиките кон увозот кои се рестриктивни.
Политиките на увоз се делат во две категории, и тоа :

- Тарифи. Преку нив се определуваат даноци на увозните производи, а со тоа се зголемува нивната основна цена и се помалку конкурентни во однос на домашните производи. Тарифите растат во согласност со фазата во која е процесиран производот, односно за суровините се најниски, а за финалните производи се највисоки. Употребата на тарифите служи за заштита на домашното индустриско производство и овозможува повеќе увоз на суровини. Иако за тарифите се мисли дека служат за прибирање на буџетски средства, нивната главна улога е заштита на домашната индустрија која се обидува да преживее од силната надворешна конкуренција.
- Нетарифни бариери. За разлика од тарифите, кои се базираат на вредноста на увезената стока, нетарифните бариери варираат, односно некои се однесуваат на квантитет, некои се технички. Сепак, тарифите се во постојано опаѓање, освен во периодот на средината на седумдесеттите години на минатиот век кога бевме сведоци на зголемено пазарно користење на нетарифни бариери. Всушност, денес користењето на нетарифните бариери е многу поважно отколку користењето на тарифите во влијанието на степенот на составот на трговијата помеѓу државите. Проценето е дека нетарифните бариери влијаат на повеќе од една четвртина од целокупниот увоз на индустриските земји и се користат повеќе од земјите во развој. Извесно е дека во голем дел се користат како нов вид протекционизам.

3.2 ПОЛИТИКИ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Во свет на транснационални корпорации и комплексно движење на инвестициите на меѓународно ниво, националните влади имаат интерес во постигнување на ефекти од СДИ, без разлика дали се позитивни или негативни ефекти. Од национална гледна точка, постојат два вида инвестиции и тоа: насочени кон надвор од страна на домашните фирми и насочени кон внатре од страна на странски компании. Неколку национални влади имаат затворена политика кон странски инвестиции, а степенот на отвореност постојано варира.

Табела бр.2: Видови национална политика за СДИ

Влез
Владата го разгледува предлогот за инвестирање
Исклучување на странски фирми од некои сектори каде што не е дозволено странско присуство
Рестрикција на степенот на странско поседување на домашни компании
Условување со национални кодови за правење на бизнис (вклучувајќи неоткривање на информации)
Работење
Инсистирање за вклучување на локален персонал во менаџментот
Инсистирање на одреден степен на локално користење на активностите на компанијата
Инсистирање на минимално ниво на извоз
Барања што се однесуваат на трансфер на технологија
Рестрикции на СДИ на одредени локации
Финансии
Рестрикции за пренос на профитот и капиталот надвор од земјата
Степенот и методите на даночење на профитот на странските компании
Стимулации
Директно охрабрување на странските инвеститори преку агенциите за промовирање на инвестиции
Политики кои се однесуваат на надворешно инвестирање кај домашните компании
Рестрикции на извозот на капитал
Неопходност од владина дозвола за инвестирање во надворешни проекти

Извор: Mortimore,M. and Vergara, S (2004),"Targeting winners: can foreign direct investment policy help developing countries industiralise?", *The European Journal of Development Research, 16 p.499-530.* Mytelka, L.K. and Barclay, L.A. (2004),"Using foreign investment strategically for innovation", *European Journal of Development Research, 16 p.53-60*

Повеќето национални политики се однесуваат на надворешното инвестирање и затоа владите може да постават рестрикции на извозот на капитал за инвестирање или да инсистираат да се одобри одредена инвестиција надвор од земјата пред да се реализира. Историски гледано, постојат големи разлики во позицијата на политиките усвоени од страна на владите за надворешни инвестиции. Пошироко гледано, развиените земји имаат полиберална политика за надворешните инвестиции за разлика од земјите во развој, но постојат исклучоци и кај двете групи. На пример, кога сме кај развиените, Франција има порестриктивна политика за надворешни инвестиции од другите европски земји. Кога сме кај земјите во развој, Сингапур има многу поотворена политика од другите азиски земји. Сепак, во последните неколку декади, националните политики за СДИ се насочени кон либерализација.

3.3 ИНДУСТРИСКИ ПОЛИТИКИ

Националните политики во однос на трговијата или странските директни инвестиции се експлицитно поврзани со меѓународни или прекугранични прашања и оттаму сè повеќе се релевантни за нашите интереси во глобалните економските активности. Меѓутоа, постои и трета политика – индустриска политика, која есенцијално е поврзана со внатрешните случувања, а има и широки меѓународни импликации. Всушност, постанува навидум дека границите меѓу трговијата, странските директни инвестиции и индустриската политика се екстремно нејасни.

Табела бр.3: Најпознати видови индустриска политика

Потенцијални индустриски политики	
Инвестициски стимулации	**Политики на конкуренција и спојување**
-во делот на капиталот	**Правна рамка за компании**
-се однесуваат на данокот	**Даночна политика**
Политики на пазарот на труд	**Регулирање на пазаротна труд**
- субвенции	- Правна рамка засиндикати
- обуки	- Имиграциона политика
Државни политики	**Национални технички и производни Набавки/стандарди**
Технолошки политики	**Државна сопственост во производните**
Политики за мали фирми	**капацитети**
Охрабрувачки политики	**Правилници за животна средина**
	индустриско преструктурирање
Политики за промоција на инвестиции	
	Правилници
	за здравствено и безбедносно осигурување

Во табелата број 3 се наведени најпознатите видови за регулирање на индустриската политика кои можат да се користат од страна на националните влади. Различни стимулативни и регулаторни политики може да се аплицираат генерално на целата национална индустрија или може да се аплицираат селективно. Ваква селективност може да повлече бројни форми: одредени индустриски сектори, видови фирми (напори да се привлечат странски компании), одредени географски локации. На пример, во повеќето земји постои голем интерес за да се поттикне развојот на кластери. Исто така, кај државите е забележана голема инволвираност во креирање на пазарот на труд, особено во создавање на пофлексибилен пазар на труд.

ЗАКЛУЧОК

Анализите и бројните примери доведуваат до тоа дека погледот треба да биде насочен кон државата како главен играч во глобалната економија. Некои помали држави или помалку влијателни можеби доживуваат намалување на моќта, но напротив, други, како што се САД и Кина, се соочуваат со зголемување на геополитичката и геоекономската моќ.

Оттаму, државата останува најважната сила во обликувањето на светската економија. Секоја влада интервенира повеќе или помалку во операциите на пазарот. Во овој дел би ја издвоил констатацијата на

Портер: „...иако можеби изгледа дека глобалната конкуренција ја прави нацијата помалку важна, но напротив ја прави повеќе важна“.

Владите, генерално, овозможуваат или обезбедуваат услови за производство кои не можат да се создадат преку правилата на пазарот. Еден од условите е физичката инфраструктура на националните економии (патишта, пруги, аеродроми, пристаништа, телекомуникациски системи), без која не може да функционира приватниот сектор, без разлика дали се работи за домашни или странски компании. Исто така, државите овозможуваат и „човечка инфраструктура“, односно образована работна сила, како и правила и регулации кои фирмите мора да ги почитуваат во работењето. Помеѓу овие два модела на владина вклученост во работењето на економијата, од една страна макроекономската политика и од друга страна инфраструктурата, се определува степенот на влијание, односно составот и дистрибуцијата на производството и трговијата.

Националните влади поседуваат екстензивни алатки за регулација, со чија помош ја контролираат и стимулираат економската активност и инвестициите во рамките на своите граници и го оформуваат составот и оптекот на трговија и инвестиции во меѓународни рамки.

Сепак, основна цел на бизнис заедницата е максимизирање на профитот и вредноста на акционерскиот капитал, додека основна економска цел на државата е максимизирање на материјалното богатство на општеството.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Agnew, J. and Corbridge, S., *Mastering Space*, Routledge, London 1995.
[2] Berger,S. and Dore,R., *National Diversity and Global Capitalism*, Cormell University Press, Ithaca, NY 1996.
[3] Dicken P., *Global Shift Mapping the Changing Contours of the World Economy*,The Guilford Press.2010.
[4] Granovetter, M. and Swedberg, R.,”The Sociology of Economic Life*”, Boulder, CO, Westview1992.*
[5] Gritsch, M.,”The nation – state and economic globalization: soft geo- politics and increased state autonomy?” *Review of International Political Economy, 12 p.1-25 2005.*Kindleberger, C.P. “American Business Abroad”, *New Haven, CT, Yale University Press* 1969.
[6] Hall, P.A. and Soskice,D., *Varieties of Capitalism: The Institutional Foundation of Comparative Advantage*, Oxford University Press 2001.
[7] Hofstede, G. “A recent study of 700 managers across a large number of countries confirmed the persistence of significant cultural differences” (*Financial Times, 15 October 2004*)
[8] Hollingsworth, J.R. and Boyer, R.,“Contemporary Capitalism: The Embeddedness of Institutions”, Cambridge University Press. Chapter 9 p.32-56 1997.
[9] Hollingsworth, J.R,“Continuities and changes in social system of production: the cases of Japan, Germany, and the United States” In J.R. Hollingsworth and R. Boyer (eds), *Contemporary Capitalisam: The Embeddedness of Institutions, Cambridge: Cambridge University Press. Chapter 9 1997.*
[10] Hudson, R.,*Producing Places*, Guilford, New York 2001.
[11] Kelly. P.E. “The geographies and politics of globalization” *Progress in Human Geography, 23 p.379-400 1999.*
[12] Mayer, T. "Monetary polic: role of". In Snowdon, Brian; Vane, Howard. *An Encyclopedia of Macroeconomics, Northhampton, Massachusetts: Edward Elgar Publishing p. 495–499. 2002.*
[13] *Mortimore,M. and Vergara, S,“Targeting winners: can foreign direct investment policy help developing countries industiralise?”, The European Journal of Development Research, 16 p.499-530. 2004.*
[14] *Mytelka, L.K. and Barclay, L.A.,”Using foreign investment strategically for innovation”, European Journal of Development Research, 16 p.53-60 2004.*
[15] Nye, J.S.Jr.,”The Paradox of American Power: Why the World’s Only Superpower Can’t Go It Alone”, *Oxford University Press 2002.*
[16] Porter. M.,”The Competitive Advantage of Nations”, *Macmillan, London p.19 1990.*
[17] Smelser, N. and Swedberg, R. *The Handbook of Economic Sociology, 2nd edn.* Prenceton, NJ: Princeton University Press. 2005.
[18] Taylor, P.J,”The state as a container: territoriality in the modern world – system”, *Progress in Human Geography, 18 p.151-162 1994.*